Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-421/3
21.10.2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-421/1 од 27.5.2024 година поднесена од [redacted] против [redacted] за извршена дискриминација во областа на јавно информирање и социјални медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на јавно информирање и социјални медиуми сторена од страна на [redacted] врз [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација архивирана е претставка бр. 08-421/1 од 27.5.2024 година, поднесена од страна на [redacted] за сторена дискриминација во областа на јавно информирање и социјални медиуми, од страна на [redacted]

Подносителката ја поднесува претставката за заштита од дискриминација против наведениот форум за кој што наведува дека го користела за споделување на искуства, телефонски броеви и адреси. Оттука, во претставката е наведено дека на темата „друга наука", во конкретна тема која гласи: „гатање, баење", се соочила со навреди, омаловажувања, клевети, потсмев, при што истакнато е дека од страна на електронска сметка со име: „Mrs Right" била јавно нападната со зборовите: „Сите гатачи и бајачи ги знаеш и не најде чаре до сега некаде? Ти се занимаваш со гатање, правење магии, ги врбуваш овде членките, каде да одат, правиш магии, заработуваш на маката на луѓето ама има Господ". Во продолжение на претставката, наведено е дека подносителката давала контакт и телефонски броеви на неколку наврати кога ѝ се обраќале членките на форумот, при што се соочувала со навреди и од друг кориснички профил регистриран како „Realist1".

Подносителката наведува дека во однос на наведените навреди кои ги добила на форумот, се обратила до модераторот на веб страната, од кој не добила одговор. Оттука, во претставката упатува барање да биде ѝ прекине забраната за објавување и коментирање (бан-от) на форумот со цел да продолжи да учествува во дискусиите кои се одвиваат на дадената веб-страна.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 3.6.2024 година испрати Известување бр. 08-421/2 за произнесување по наводите од претставката до Фемина Форум.

Притоа, во однос на наведеното известување за произнесување по наводите од претставката, Комисијата доби известување од пошта за 2 неуспешни обиди за достава на истото со назнака дека потенцијалниот дискриминатор би известен за поднесокот, но не го подигнал истиот. Имајќи го претходно наведеното во предвид, при носењето на конечната одлука, Комисијата за

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

спречување и заштита од дискриминација ги ценеше само наводите истакнати во претставката за заштита од дискриминација поднесена од страна на Вергина Атанасова.

Оттука, земајќи ги во предвид наводите во претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на [redacted] врз [redacted] согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Комисијата утврди дека во конкретниот случај, не е исполнета погоре цитираната законска дефиниција за дискриминација, дополнително на тоа што подносителката на претставката не воспоставила каузална врска помеѓу дејствието со кое подносителката смета дека ѝ била нанесена директна дискриминација и некоја од дискриминаторските основи согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација кој гласи:

*„Се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа). "*

Оттука, имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не пронајде дека била сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и социјални медиуми од страна на [redacted] врз [redacted].

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Скопје
21.10.2024

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Заменик претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]